# КРАТОК ОСВРТ НА ОБВРСКИТЕ НА ОСИГУРИТЕЛОТ КОЈ ОРГАНИЗИРА И ФИНАНСИРА ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА ВО РАМКИ НА КБ ПРВ ОТВОРЕН ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД – СКОПЈЕ

1. **НАВРЕМЕНА ДОСТАВА НА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА УПЛАТА**

    - За секоја извршена уплата Вашата компанија има обврска, на датумот на уплатата или најдоцна до 10 часот следниот работен ден, да достави во Друштвото спецификација за начинот на распределба на уплатените средства на професионални сметки на учесниците во професионалната шема, освен во случај кога шемата има само 1 (еден) учесник или во случај кога осигурителот има доставено трајна спецификација во Друштвото, согласно која се распределуваат средствата

2. **ЧЛЕНОВИ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА МОЖЕ ДА БИДАТ ЕДИНСТВЕНО ВРАБОТЕНИ ЛИЦА КАЈ РАБОТОДАВАЧ ИЛИ ЧЛЕНОВИ ВО ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ**

    - Вашата компанија не смее да пријави, односно зачлени во рамки на доброволен пензиски фонд лице кое не е вработено во компанијата. Исто така Здружението на граѓани кое организирало пензиска шема не смее да пријави, односно зачлени во рамки на доброволен пензиски фонд лице кое не е член во Здружението.

3. **СОГЛАСНОСТ ЗА УЧЕСТВО ВО ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА**

    - Да се обезбеди изјава за согласност за учество во професионална пензиска шема од секој учесник во шемата

4. **РЕДОВНО ИНФОРМИРАЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОМЕНАТА ВО ЛИСТАТА НА УЧЕСНИЦИ**

    Осигурителот во најкраток рок треба да го извести Друштвото за:
    - смрт на член
    - престанок на работен однос
    - пензионирање на член
    - вклучување на нови учесници во професионалната пензиска шема

5. **ПОЧИТУВАЊЕ НА СИТЕ ОДРЕДБИ ОД ДОГОВОРОТ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНА ПЕНЗИСКА ШЕМА ПОТПИШАН ПОМЕЃУ ВАШАТА КОМПАНИЈА И КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ**

6. **ЗА СИТЕ НЕЈАСНИ РАБОТИ КОНТАКТИРАЈТЕ ГО ВАШИОТ ОВЛАСТЕН ПЕНЗИСКИ СОВЕТНИК**

    - Доколку немате контакт информација, Ве молиме да се обратите на телефонските броеви во Друштвото 02/3243-772 и 02/3243 777, со цел да Ве упатиме на вистинското место

Со почит,
КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk